АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05.05.2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3239 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш

3. **Датум на извршување на надзорот:** 05 мај 2015 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот ја исполнил обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, односно дали на сопствената програма ги објавил податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година и дали до Агенцијата доставил снимка од објавата.

   **Претходно изречена мерка:** Поради тоа што со редовниот административен надзор извршен на 24.04.2015 година (Писмен извештај бр.03-3107/1 од 24.04.2015 година) беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш не ја исполнило оваа обврска во предвидениот рок, Агенцијата донесе Решение за преземање мерка – опомена бр.03-759 од 29.04.2015 година.

5. **Констатации од надзорот:**

   На 27.04.2015 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш по електронски пат до Агенцијата достави снимка од објавата на податоците, од која е видно дека овој радиодифузер **ја исполнил во целост** обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***